**Известување за концентрација со кое Шварц Њу Венчрс ГмбХ, Германија и Аксел Спрингер СЕ, Германија ќе стекнат заедничка контрола над Дин Медиа ГмбХ, Германија и со која Шварц Њу Венчрс ГмбХ, Германија и Аксел Спрингер СЕ, Германија ќе основаат целосно функционално заедничко вложување Дин Продакшнс ЊуКо ГмбХ**

**(предмет бр. 08- 118 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24), на ден 25.07.2025 година) до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на заедничка контрола над Дин Медиа ГмбХ со регистрирано седиште на Университатштрасе 71, 50931 Келн, Германија од страна на Шварц Њу Венчрс ГмбХ со регистрирано седиште на Стифтсбергштрасе 1, 74172 Некарсулм, Германија и Аксел Спрингер СЕ со регистрирано седиште на Аксел-Спрингер-Штрасе 65, 10888 Берлин, Германија и основањето на целосно функционално заедничко вложување (Дин Продакшнс ЊуКо) над кое заедничка контрола ќе имаат Шварц Њу Венчрс ГмбХ, Германија и Аксел Спрингер СЕ, Германија.

-**Шварц Њу Венчрс** е чисто холдинг друштво без самостојни деловни активности. Шварц Њу Венчрс е индиректно зависно друштво на Шварц Корпорејт Солушнс КГ (Schwarz Corporate Solutions KG), кое е дел од Шварц Групацијата.

**Шварц Групацијата** е меѓународна групација на друштва со фокус на малопродажба на храна. Преку неговите оддели Лидл (Lidl) (дисконт за малопродажба на храна) и Кауфланд (Kaufland) (малопродажба на храна во голем обем), Шварц Групацијата е примарно активна во секторот на малопродажба на храна во 32 земји. Со ПреЗеро (PreZero) одделот за отстранување на отпад, Шварц Групацијата е исто така интегриран давател на услуги во областа на управување со отпад, собирање, сортирање, преработка и рециклирање на отпад. Дополнително, производствениот оддел на Шварц Групацијата, произведува разни прехранбени производи во сопствени погони и флашира минерална вода и слатки пијалоци. IT и дигиталниот оддел Шварц Диџитс (Schwarz Digits) на Шварц Групацијата исто така нуди дигитални производи и услуги.

Во Северна Македонија, Шварц Групацијата е присутна преку едно регистрирано зависно друштво- **ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ**, со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, 3 кат, 1000 општина Гази Баба, Скопје. Друштвото моментално не е активно, но се очекува да почне со работа во блиска иднина т.е. ќе управува со ЛИДЛ маркетите во Северна Македонија.

-**Аксел Спрингер** е прекуокеанска медиумска групација, со седиште во Берлин, Германија. Групацијата нуди претежно медиуми за вести (печатени и дигитални), печатење и објавување на реклами, дигитално класифицирано портфолио, маркетинг модели и поврзани услуги. Работата на Аксел Спрингер е поделена во Њуз Медиа (News Media) и Маркетинг Медиа (Marketing Media).

Медиа брендовите на Аксел Спрингер ги вклучуваат Билд (Bild), Бизнис Инсајдер (Business

Insider), Морнинг Бру (Morning Brew), ПОЛИТИКО (POLITICO) и Велт (Welt), а во нивното портфолио се вклучени и маркетинг друштвата Авин (Awin), Бониал (Bonial) и идеало (idealo), како и институтот за истражување на дигитален пазар Емаркетер (Emarketer). Во Полска, Аксел Спрингер има заедничко вложување со медиумското друштво Рингиер (Ringier) кои ги вклучува медиумските брендови Факт (Fakt), Форбс (Forbes), Њузвик (Newsweek) и ОНЕТ (ONET).

Аксел Спрингер нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

**Дин Медиа ГмбХ** нуди услуги за емитување на спортски содржини на база на претплата, особено на ракометни и кошаркарски натпревари на германските лиги, т.н. видео на барање (on-demand) базирано на претплата. Дин Медиа е во моментот под самостојна контрола на Аксел Спрингер.

Дин Медиа нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија и нема остварено било каков приход во Северна Македонија во 2024 година.

-**Дин Продакшнс ЊуКо** ќе биде основано од страна на Шварц Њу Венчрс ГмбХ, Германија и Аксел Спрингер СЕ, Германија како дел од предложената трансакција, со скоро истата содружничка структура како Дин Медиа. По основањето, Дин Продакшнс ЊуКо ќе произведува аудиовизуелни содржини (за емитување) за Дин Медиа и други трети страни.

Според подносителот на известувањето релевантните пазари на стоки за оценка на пријавената концентрација може да се дефинираат како: стекнување и лиценцирање на права за емитување, платена дистрибуција на аудиовизуелни содржини, продажба на рекламен простор во контекст на презентација на аудиовизуелни содржини, и производство на аудиовизуелни содржини.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

31.07.2025 година

Скопје